*Philological Studies 16, 2, (2018) 29-40* **Претходно соопштение**

**УДК:06.053.52:37.013-051(497.7)"18"**

# НАДМИНУВАЊЕ НА НЕМОСТА: ЈАВНИТЕ НАСТАПИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕНИ ВО XIX ВЕК

**Славчо Ковилоски**
*Институт за македонска литература,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија*

**Key words**: public performances, speeches, teachers, women's education, woman's emancipation, Evgenija Janchuleva.

**Summary**: The noted speeches of Macedonian teachers in the nineteenth century indicate that their consciousness has gone beyond the traditional patriarchal way of thinking. They demanded the right to education and emancipation in society. Their views, paraphrased by correspondents, show the degree of development of women's thought in Macedonia at the end of the XIX and the beginning of the XX century. Having into consideration the situation with women's education and female voicelessness just about ten years before the end of the century, we can conclude that great progress has been made in the suppression of illiteracy and voicelessness. The public performances of the Macedonian teachers were also of great importance for this.

**Клучни зборови**: јавни настапи, говори, учителки, женско образование, еманципација на жената, Евгенија Јанчулева.

**Резиме**: Регистрираните говори на македонските учителки во XIX век, укажуваат дека нивната свест го надминала традиционално-патријархалниот начин на размислување. Тие барале право на образование и еманципирање во општеството. Нивните ставови, парафразирани од дописниците, го покажуваат степенот на развојот на женската мисла во Македонија, на крајот од XIX и почетокот на XX век. Имајќи ја предвид состојбата со женското образование и женската немост од пред само десетина години, пред крајот на векот, можеме да заклучиме дека бил постигнат голем напредок во надминување на неписменоста и на немоста. Голема заслуга за тоа имале и јавните настапи на македонските учителки.

Почетоците на женското образование во Македонија, во XIX век, биле одраз на позитивните промени кои настапиле во општествено-политичкиот и културниот живот, во османлиската

држава. Во повеќе случаи и пред отворањето посебни женски училишта, некои од побогатите граѓани ги испраќале своите девојчиња да учат во приватните и општинските ќелијни и заемни училишта, заедно со момчињата. Во нив се изучувале само неколку предмети поврзани со религијата. Сепак, нивниот број бил мошне мал и условен од тогашните морални и етички сфаќања.

Едно од најраните споменувања на учителки и ученички се однесува на две калуѓерки во Велес. Едната била велешанка и се викала Марија Самуркашева, додека другата била туѓинка. Во 1750 година, тие се населиле во Велес, во Прцоречкиот метох, Св. Георги. Двете учителки собрале повеќе девојчиња што ги учеле на буквица и црковно пеење. По кратко време, Самуркашева се префрлила во западната велешка општина. Во текот на многу години и тука извршувала просветна дејност, учејќи ги девојчињата на „книга" (Миронска-Христовска, 2003: 43).

Женското образование во Солун е поврзано со работата на учителката Славка Динкова. Таа потекнувала од познатата преродбенска фамилија Држиловци-Динкови. Поттикната од својата мајка Велика Динковица и својот брат Георги Динков, таа, во 1866 година, го отворила првото народно училиште во Солун. Училиштето било сместено во една соба од мајчината куќа. На часовите се одвивала скромна, но значајна програма, со изучување „мајчин јазик и грцкиј, со ракоделија" (Ристовски, 2011: 329). Со текот на времето, бројот на ученичките постојано се зголемувал, благодарение на ангажманот на трудољубивата Славка (која знаела грчки и француски јазик) и на помошта од неколку побогати Македонци и еснафите. С. Динкова се истакнала како учителка, но и како новинарка, преведувачка и прва жена-борец за еманципација на жените во Македонија.

Како што можеме да видиме, отворањето женски световни училишта доживеало вистинска експанзија во текот на 60-тите години на XIX век. Тогаш биле отворени повеќе женски училишта во Кукуш, Штип, Прилеп, Битола, Охрид, Струга, Солун, Дебар, Неврокоп, Кочани, Куманово, Крива Паланка и на други места.

Женското образование придонело за унапредување на правата на жените. Неодминлив дел од склопувањето на мозаикот и градењето на целокупната слика за женската гласност во XIX век се говорите. Постојат многу малку сведоштва за словата произнесени од македонските жени, но од фондот со кој располагаме, можеме да заклучиме дека тие се едни од најзначајните потврди за постоењето на

силен просветителски женски дух. Исто така, според формата и времето на одржување (за време на годишните испити во женските училишта или други поголеми свечености), сосема е веројатно дека биле изговорени поголем број вакви слова, од кои не останала трага.

На почетокот, веднаш треба да потенцираме дека единствениот комплетен говор во интегрална форма е изречен од ученичката Параскева Димкова во Битола, во 1871-та година. Поради тоа, можеме да бидеме сосема задоволни од пронајдените записи, кои известуваат како за говорните вештини на ораторките така и за нивната содржина. Станува збор за говорите на една учителка и една ученичка во Охрид; говорите на учителката Евгенија Јанчулева (по татко Ракиџиева), за која пронајдовме податоци за три нејзини одржани јавни настапи во женското училиште во Прилеп: еден во 1892 г., а два во 1894 година; потоа, за говорот на учителката П. К. Мавродиева, одржан во Петрич, во 1892 година; пронајдовме белешка за еден говор што го држела учителката Попова, во Солунската женска гимназија, во 1894 година; како и за говорот на учителката Попова, во училиштето во Кочани, исто така, од 1894 година, со нагласка дека ниту на едната, ниту на другата учителка, со истото презиме, не им е утврдена националноста.

Пронајдените белешки од говорите покажуваат дека нив ги произнесувале исклучиво учителките, по повод разни свечености, пред поширок аудиториум и со однапред подготвени тези. Говорот се изразува во моментот и е неповторлив, па затоа и неговата поента треба да биде нагласена и недвосмислена. Анализирајќи ги статиите, утврдивме дека ниту еден од говорите не бил читан, туку дека тие биле произнесени наизуст, но оставаме можности тие да биле подготвени однапред (не биле спонтани). Овие говори се однесувале на одредено прашање, а говорничките, со своите поенти, се стремеле да ги убедат слушателите во исправноста на искажаните ставови.

Ако подобро навлеземе во проучувањето на женското прашање во Македонија, во овој период, ќе потврдиме дека единствено благодарение на училишните говори, жените можеле да стапат на отворена сцена, пред публика, и јавно да го искажат своето мислење. Колку за потврда на ова наше тврдење, ќе се послужиме со познатиот факт дека во театарските претстави немало место за актерки, па нивните улоги ги изведувале мажи. Обидот на учителката Пенка Пеливанова од Прилеп да ја одигра улогата на Геновева завршил неуспешно, бидејќи била навредувана и исмевана на јавно

собрание, по што морала да се повлече од сцената (Стерјовски, 2004: 194).

Затоа, сметаме дека излегувањето на учителките пред публиката, која жедно ги впивала нивните зборови, фактички значело и прво јавно претставување на жените во општествениот живот. Говорничките можеле и ја користеле можноста да им се обратат на родителите, на чиновниците, на нивните колеги и надредените, на обичните слушатели. Нивната реч концепциски зависела од манифестацијата, но тие слободно можеле да зборуваат за своите проблеми, да пофалуваат и да нагрдуваат некого, односно да влијаат врз јавното мислење.

За постигнување на своите цели, учителките, пред сè, требало да поседуваат голема храброст и енергија, аргументирано да ги презентираат своите ставови. Јасно е дека дел од мажите (односно мнозинството) гледале со потценување на нивните настапи. Исто така, јасно е и дека негодувале на некои нивни ставови. Во релативно непријателската, а истовремено и љубопитна средина, жените морале да ја искористат секоја дадена можност јавно да проговорат, да излезат од зад кулисите. За да го привлечат и да го задржат вниманието на слушателите, тие морале да поседуваат и ораторски вештини, при што обрнувале посебно внимание на дикцијата, акцентот и на гестикулациите. Тие не смееле да бидат повлечени, што би се протолкувало како несигурност и плашливост, но не смееле да бидат и пренагласени, што би се протолкувало како нескромност и развратност. Умереноста била најважниот елемент што жените требало да ја извежбаат и да ја усовршат, за да биде оценет нивниот настап како успешен. Пораките не смееле да бидат двосмислени, туку кратки и јасни, со оглед на ограниченото време за настап. Притоа, често се користеле реторски прашања, метафори и алегорија, како и инверзија. Сето тоа придонесувало за зголемување на впечатокот кај публиката. Понекогаш, благодарение на позитивните реакции на јавноста, некои од присутните (мажи) во своите бележници ги забележувале темите на кои зборувале учителките и, парафразирајќи ги, ги праќале како информации во вид на дописки до редакциите на тогашниот печат. Нашиот интерес се однесува токму на нив.

Во оваа листа ги вброивме и говорите држени од жени по разни поводи, најпрво поради тоа што настапот бара претходна подготовка преку читање, забележување или запишување на лист на целите на говорот, што значи писмен запис, како и поради добивањето

и истакнувањето на женската гласност (потиснување на афазијата).[1] Говорите придонесувале за ослободување на внатрешните стравови, на затвореноста, но поставувале и „прашања во врска со редефинирањето на улогата на жените, потребата од образование за сите и една цела низа прашања кои истовремено ги преокупирале нивните машки современици... нивните мислења и идеи станале дел од печатените медиуми и дел од ткивото на интелектуалниот живот“ (Ахмед, 2004: 182).

Значи, од говорите проникнале дела објавувани во печатените медиуми; говорите биле извор и поттик за комплетно оформување на авторските потенцијали. Меѓутоа, во нив се крие уште една значајна функција. Говорите не биле „само текстуално претставени низ гласот туку тие го користат и како алатка за пренесување на идеолошки пораки, за субверзија и критичко промислување на општеството при што текстот добива политички релевантна димензија“ (Талевска, 2013: 13). Затоа, можеме да потврдиме дека тие одиграле двојна улога: биле предвесници на женското писмо и претставувале протест против одземањето на гласот на жените. Всушност, како што може да се увиди од јавните настапи, односно говори, кои успеавме да ги евидентираме, во преку 90% од нив, говорителките го истакнувале проблемот со женското образование, односно женското прашање.

Како што претходно спомнавме, првиот целосно зачуван говор ѝ припаѓа на ученичката Параскева Димкова (родена околу 1855 година) од Битола. Говорот е објавен на страниците на весникот *Право*. Во краткото „Словце“, од 1871 година (*Право*, 1871а: 95), обраќајќи се кон родителите, Димкова искажала јавна благодарност на Николај М. Тошков, „кој побуден од родољубие го поддржува Женското училиште во Битола со најголема ревност“. Оваа објава ја сметаме значајна, поради тоа што на увид го имаме првиот доказ за постоењето на женската гласност во Македонија, макар што, во 60-тите години, ги имаме написите на солунчанката Славка Димкова. Сепак, случајот со Димкова е специфичен, бидејќи Динкова пишувала

[1] Осврнувајќи се на романот *Куклите на Росица* од Оливера Николова, Елизабета Баковска наведува дека немоста „е дополнителниот фактор кој го засилува чувството на заборавот и исклученоста од историјата како судбинска одредница на жената - таа нема пристап до јазикот како средство за влез во симболичкиот поредок на мажите“. Во: Елизабета Баковска, „*Како жена, јас немам татковина*: националните и историските дискурси во романите *Куклите на Росица* од Оливера Николова и *Снегот во Казабланка* од Кица Колбе“, *Спектар*, Скопје, бр. 63, 2014, 49.

за женското образование, додека пак, ученичката од Битола јавно говорела за потребата од образование на жените.

Првиот регистриран говор, пак, на јавен настап, кој го држела една учителка, кој можевме да го пронајдеме на страниците на тогашниот печат, е на една неименувана учителка од женското училиште во Охрид. По неа, настап имала и една од нејзините ученички. Информацијата за нивниот настап ја наоѓаме во бројот 26 на весникот *Право*, од 23 август 1871 година. Во веста за напредокот на учебното дело во Охрид, забележано е дека „Н. С. Г-ѓа учителка ни изрече едно слово за развитокот на женскиот пол“. По неа, „една девица изрече едно словце кон родителите, од страна на сите ученички, за да ги поддржат во науката за долго време“ (*Право*, 1871б: 103). Ова е една од ретките запишани информации за настап на ученичка, што, се разбира, не значи дека таквите говори отсуствувале. Како што можеме да видиме, главното барање на учителката и ученичката било на девојчињата да им се дозволи школување.

Кратката анонимна информација од 1892 година, објавена во број 85, во весникот *Новини*, соопштува за еден ваков говор, одржан во Кочани, од страна на „учителката г-ѓа П. К. Мавродиева“. Таа, стои во текстот, „држела скаска за ползата од воспитувањето на женскиот пол“ (*Новини*, 1892: 3). Значи, говорот, или „скаската“, се однесувал/а на барањето право за образование на жените и очигледно имал/а за цел да ги убеди родителите, кои не ги пуштале своите женски деца, да го направат тоа.

Содржински најбогата е информацијата за говорот на друга учителка која го носела презимето Попова. Својот говор таа го искажала на годишниот акт на женската гимназија во Солун. Дописката објавена во весникот *Новини*, во 1893 година, повторно е анонимна. Сметаме дека самата нејзина содржина, во која централно место има „г-ѓа Попова“, зборува доволно, па затоа ја приложуваме во целост: „Кога се раздадоа сведителствата, постарата надзорничка на пансионот и учителка г-ѓа Попова, тогаш се обрна кон завршените (ученици – б.м.) со реч да ги предупреди, дека светот има многу малку светли страни: лагата, итроштињите, зависта се многу, поради што многу од нивните идеали можат да се урнат, но тие да не очајуваат, туку да се подготват да истраат на житејските борби и да се вооружат со силата на трпението и стабилноста за успешно отстојување на правдата и вистината. Таа реч заврши со зборовите: ‘Сè е минливо, а само доброто име е вечно’“ (*Новини*, 1893: 3). Контекстот на

искажаната реч на Попова алудира на општество во кое постоеле натчинети и потчинети, борци и очајници, правда и неправда, вистина и лага. Па, зар овој говор, кој наизглед се однесувал само на завршените ученици, не претставувал и говор за тешкотиите на жените, но и бодрење да се продолжи по зацртаниот пат во борбата за нивна еманципација? Секојдневните тешкотии, лаги, завист, не требало да ги обесхрабрат жените, кои требало да покажат трпение и упорност за да дојдат до правдата. Времето и местото биле совршени за ваков настап, а оние на кои им се обраќала Попова, веруваме дека ја разбрале суштината на нејзиниот говор.

Поконзервативен настап имала нејзината колешка од Кочани, која го носела истото презиме: Попова. Во весникот *Новини* од 1894 година е регистриран нејзиниот настап на годишниот испит на кочанските училишта. Таа „зборуваше за ползата од домашното воспитување, должноста на родителите, особено на мајките кон ќерките и за должноста на ќерките кон родителите“ (*Новини*, 1894а: 3). Според презентираните податоци, овој говор бил исполнет со потенцирање на традиционалните вредности, карактеристични за векот.

Впечатлив говор одржала и претседателката на женското неделно училиште „Светлина“ од Струга, учителката Славка Чакрова. Според дописката објавена во *Новини* од 6 февруари 1898 година, во број 28, Чакрова го отворила првото заседание на неделното училиште на 11 јануари, истата година. Според анонимната дописничка потпишана со псевдонимот „Една граѓанка“, Чакрова одржала едно „словце кое што ѝ правеше чест“ (*Новини*, 1898а: 3). И тука, главната тема на речта била потребата од женското образование. Значајно е да споменеме дека името на Чакрова било мошне актуелно во тоа време.

Нејзината биографија дава мноштво информации за активностите на македонските учителки. Славка Чакрова Пушкарова (1879-1956) била една од најистакнатите жени од охридско-струшкиот крај. Родена била во Струга, во семејството на Георги и Агнија Чакрови. Заедно со своите браќа, Александар и Станислав, Славка влегла во редовите на Македонската револуционерна организација. За потребите на Организацијата, таа организирала и пренесувала оружје и друг материјал. Откриена од властите, Славка била фатена и затворена, но подоцна била ослободена од солунскиот затвор. Се школувала во Солунската женска гимназија, по што работела како учителка во родната Струга. Тука, заедно со група млади интелектуалки

(Анастасија, Костадина Хаџова и Царева Деребанови) го формирале женското друштво „Светлина“. Познато е дека Славка ги везела написите на капите на македонските револуционери, со девизата: „Слобода или смрт“. Својата револуционерна дејност ја продолжила за време на учителствувањето во Охрид. Во овој град формирала револуционерна група, во која влегле: Анета Шахова, Аспасија Каневчева, Василка Размова, Костадина Бојаџиева, Клија Самарџиева, Костадина Настева, Поликсена Мосинова, Фанија Шулева и др.

Од особена важност била иницијативата на Славка Чакрова за отворање на женското неделно училиште „Светлина“, во Струга, во кое, меѓу другите, основачи биле и Костадина (Константина) Хаџова и Екатерина Несторова. По тој повод, во бројот 28 (1898), на страница 3 од весникот *Новини*, била објавена една дописка од Струга, испратена на 11 јануари 1898 година. Во дописката е опишана возбудата од овој чин, опишана е радоста дека запишувањето на женски ученички во училиштето ги надминало сите очекувања, наведено е раководството на училиштето, а на крајот е упатен повик за помагање на училиштето на каков и да е начин.

Најпрво, над дописката се назначени градот и датумот, а истата започнува со зборовите: „Почитуван г-не Редакторе, раката ми трепери од голема радост при пишувањето на следните редови, со кои ќе Ве известам, дека и во нашето гратче, каде се родиле искрите на духовниот развој, се отвори женско неделно училиште кое го носи името ‘Светлина’, по иницијатива на г-ците учителки“. Понатаму, во дописката до „Новини“, се наведува дека првото заседание (односно, првиот час) било отворено со пригоден збор од учителката Славка Чакрова, со што ѝ била укажана чест. „Се запишаа членки, повеќе отколку што мислеа раководителките на спомenатото училиште“, стои во продолжение. Се разбира, на овој начин биле охрабрувани жените од Струга активно да земат учество во работата и школувањето во училиштето.

Во една друга, поголема статија, објавена во весникот *Вести,* од 2 март 1899 година, во број 34, наоѓаме подетално известување за говор на истата учителка. Во текстот се наведува дека на 31 декември 1898 година било одржано заседание (настап) на членките на женското неделно училиште „Светлина“: „Претседателката го отвори заседанието со една реч со која го разјасни влијанието на жената врз прогресот на народите и го потврди тоа преку илустративни примери; ја опиша положбата на нашата жена, откако го објасни причините за

нејзиното доцнење (во борбата за права – б.м.); докажа дека оној народ во кој што мајката е невоспитана, неучена, потоната во суеверија и жена предадена на ниски задоволства, ако не се заземе да се оттргне од кривиот пат и да се подигне умствено и морално, жената е изложена на загинување; бидејќи умствениот и моралниот развој на жената е мерило за сеопшт развој на едно општество или на еден народ“. Во понатамошното излагање, Чакрова „ги препорача средствата преку кои може да се услужи на нашата жена и ја посочи должноста на народната учителка кон своите неучени сестри. На крајот, во име на народниот напредок ги покани сограѓаните и сограѓанките, од кои едните како поразбудени да им внесуваат на своите сопруги, ќерки и сестри љубов кон Женското неделно училиште, а на другите – редовно да го посетуваат“. Овој говор претставува прекрасен пример за женскиот активизам во Струга и во Македонија, кон крајот на XIX век (*Вѣсти*, 1899: 2-3).

Најбројни се информациите за говорите на Евгенија Јанчулева (Ракиџиева). Таа можеби е и најактивната македонска учителка којашто јавно истапувала и се залагала за поголеми права на жените. За нејзиниот живот постојат одредени податоци кои фрлаат светлина за нејзините општествени активности. Се знае дека моминското презиме на Евгенија било Ракиџиева, но откако се омажила за докторот Јордан Јанчулев, го зела неговото. По извесно време, докторот Јанчулев заминал во Цариград на доусовршување на струката. Поради тоа, според анонимниот дописник на весникот *Новини* од Солун, „таа се грижела со труд и со своите средства да му олесни на својот сопруг да ги заврши науките. Тоа е редок пример за пофалба. Извршеното од г-ѓа Јанчулева е цел подвиг и достоен за поддршка“ (*Новини*, 1898б: 3). Од друга страна, од членовите на прилепската црковно-училишна општина, Јанчулева е опишана како мошне „енергична“ жена (ДАРМ, ПОП, ф.ЦОП: к.2, N.81). Поради активностите кои таа ги имала и во домот, но и надвор од него, и кои успешно ги завршувала, за граѓаните станала пример, модел на жена, која со „подвиг“ успешно ги решавала проблемите од секојдневието.

Понатаму, при доаѓањето на Царевна Миладинова-Алексиева на местото управителка на женското училиште во Прилеп, таа наишла на голема поддршка од Евгенија Јанчулева (тогаш сѐ уште Ракиџиева). По заминувањето на Царевна од градот, Јанчулева била именувана за нејзин наследник на местото управителка на женските училишта, функција која ја извршувала повеќе од една деценија. Подоцна, се

вклучила во македонското револуционерно движење како курир и примајќи ги македонските револуционери на престој во нејзиниот дом. Јанчулева била иницијатор за отворање неделно училиште во родниот град, со цел да го описмени и возрасното население.

Во прилог на дејноста на Јанчулева за што поголеми права на жените и нивна еманципација во општеството, ќе го наведеме извештајот што го пронајдовме во ракопис подготвен од неа, а насловен како „Писмо до претседателот на училишното настојателство за состојбите во женското училиште“, (ДАРМ, ПОП, ф: ЦОП, к.1, 5.181.2.41/266 (2.41.1). л.5). Ракописот е датиран на 18 јуни 1897 година, а е потпишан лично од управителката Јанчулева. Јазикот на текстот е јасен, концизен, напишан во прво лице еднина („јас“ форма), што ни ја покажува самоувереноста на Јанчулева во нејзиното изложување пред своите надредени. Во него, Јанчулева пишувала за учебното дело во женските училишта во Прилеп, ги навела имињата на учителките, дала опис на работата, поведението и успехот кои ги постигнале 14 учителки од прилепското женското училиште: Пазова, Шопчева, Јочкова, Зердева, Богданова, Настева, Григорова, Перева, Китанова, Грашева, Црвенкова, Павлева, Ицева и Јанчулева.

Посебно е интересно што во извештајот Јанчулева забележала и за тоа дека како проблематични, односно предмети на кои требало да им се посвети посериозно внимание, подносителката на извештајот ги навела следните: физика, хемија, минерологија. Тие предмети, запишала таа, „колку што сум успеала да разберам“, повеќе ги воделе мажите, а помалку жените. Затоа, таа препорачувала тие предмети да ги предава учителот кој ги предавал истите предмети во машкото училиште, „само со услов, тој да не може да присуствува на учителските совети, а само да го предава отчетот за успехот на управителката“. Го потенцираме овој податок (машко-женската паралела), бидејќи во други отчети не пронајдовме ваква компарација, така што засега, овој извештај останува единствениот во кој се начнува оваа тема. Дека општината и настојателството биле задоволни од работата на Јанчулева, зборува и фактот што таа била управителка на женското училиште преку една деценија, што е повеќе од сите други жени што ја извршувале управителската функција во кое било училиште во Македонија.

Трите забележани говори, меѓу 1892 г. и 1894 година, јасно упатуваат на нејзината педагошка активност, како и на дејноста за еманципација на жените. Така, во првиот евидентиран говор од 1892

година, објавен на страниците на *Новини*, стои кратката информација дека: „Г-ца Ракиџиева зборуваше за воспитувањето на женскиот пол“ (*Новини*, 1892: 3). Веќе во следната објава во истиот весник, од 20 мај 1894 година, е потенцирано дека: „г-ѓа Е. Ј. Јанчулева, управничка на женските училишта зборуваше многу убедливо за *еманципацијата на жената* (подвлечено во оригиналот – б.м.)“. Нејзиниот говор, како и на останатите, „направија многу силен впечаток кај публиката“ (*Новини*, 1894б: 3). Третата и последна евидентирана објава за одржан говор на Јанчулева е објавена на 26 јули, истата година и во истиот весник. Тогаш, Јанчулева го прочитала отчетот за работата на женското училиште за изминатата година. Притоа, потенцирала дека женското училиште се состоело од два класа, четири одделенија и забавиште. Него ги посетувале 450 ученички, од кои 28 предвреме го напуштиле училиштето. На годишниот испит се јавиле 422 ученички, од кои 406 поминале, а 16 останале во истото одделение. На крајот, „г-ѓа Евг. Јанчулева, управничка на женското училиште, кажа неколку зборови *за важноста и ползата од ракотворбите, како предмет во училиштето* (подвлечено во оригиналот – б.м.)“ (*Новини*, 1894а: 3).

Активизмот на Јанчулева за подобрување на состојбата и правата на жените придонел, во нејзиниот роден град, Прилеп, да се отвори и неделно училиште во кое учеле повозрасните неписмени жени. Самата таа учествувала во македонското револуционерно движење, рамноправно со своите машки колеги, давајќи пример за тоа како треба да се однесуваат жените во време кое барало беспоговорни жртви. Во нејзиниот втор регистриран говор, како што запишал известувачот на весникот *Новини*, мошне убедливо зборувала за „еманципацијата на жената“.

Регистрираните говори на македонските учителки во XIX век, укажуваат дека нивната свест го надминала традиционално-патријархалниот начин на размислување. Тие барале право на образование и еманципирање во општеството. Во овој случај, поважни се нивните говори, отколку самите статии кои известувале за нив. Нивните ставови, парафразирани од дописниците, кои најчесто биле мажи, го покажуваат степенот на развојот на женската мисла во Македонија, од крајот на XIX и почетокот на XX век. Имајќи ја предвид состојбата со женското образование и женската немост од пред само десетина години пред крајот на векот, можеме да заклучиме дека бил постигнат голем напредок во надминување на неписменоста и на немоста.

Голема заслуга за тоа имале и јавните настапи на македонските учителки.

**Архивски материјал:**

ДАРМ, ПОП, ф.ЦОП: Државен архив на Република Македонија, Подрачно оделение-Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, 1872-1912, к.1, 5.181.2.41/266 (2.41.1). л.5, „Писмо до Претседателот на училишното настојателство за состојбите во девојачкото училиште“ (18.VI.1897, Прилеп).

ДАРМ, ПОП, ф.ЦОП: Државен архив на Република Македонија, Подрачно оделение-Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, 1872-1912, к.2, N.81.

**Литература**:

Ахмед, Лејла. 2004. *Жената и родот во исламот*. Слово, Скопје.

Баковска, Елизабета. 2014. „*Како жена, јас немам татковина*: националните и историските дискурси во романите *Куклите на Росица* од Оливера Николова и *Снегот во Казабланка* од Кица Колбе“, во: *Спектар*, бр. 63, Скопје.

„Годиш. актъ на Солунската дѣвическа гимназия“. 1893. *Новини*, брой 75, Цариградъ,.

„Дописки“. 1899. *Вѣсти*, брой 34, Цариградъ.

„Дописки“. 1894а. *Новини*, брой 86, Цариградъ.

„Дописки“. 1894б. *Новини*, брой 67, Цариградъ.

„Дописки“. 1898б. *Новини*, брой 82, Цариградъ.

„Дописка“. 1871б. *Право*, брой 26, Цариградъ.

„Изъ вилетитѣ“. 1898а. *Новини*, брой 85, Цариградъ.

„Изъ дописките ни“. 1892. *Новини*, брой 85, Цариградъ.

Миронска-Христовска, Валентина, 2003. *Просветителството во Македонија*. ИМЛ, Скопје.

Ристовски, Блаже. 2011. *Македонскиот преродбенски XIX век, прилози за македонската литературно-културна историја*, I, прва книга. Три, Скопје.

„Св. Кириллъ и Методий въ провинцията“. 1892. 1893. *Новини*, брой 39, Цариградъ.

„Словце“. 1871а. *Право*, брой 24, Цариградъ.

Стерјовски, Александар. 2004. *Битола, Каријатиди на театарот*. НУ Народен театар Битола.

Талевска, Ирина. 2013. *Родот и политиката на писмото*. Сигмапрес, Скопје.